Република Македонија
Министерство за финансии

[redacted]

Бр.08- 3092/1
Скопје, 06-06-2017 година
Министерство за финансии
Даме Груев бр.12
1000 Скопје
Република Македонија
Тел:++ 389 2 3255 523
Факс:++ 389 2 3255 721
Веб страна: www.finance.gov.mk

ДО: Министерство за култура

Предмет: Барање податоци

Почитувани,

За потребите на Министерството за финансии потребно е да доставите податоци за неизмирени и превземени обврски за установи од областа на културата на локално ниво во формат кој е во прилог на овој допис.

Министерство за култура потребно е табеларните прегледи да ги дистрибуира и пополнети да ги собере од сите установи од областа на културата на локално ниво. До Министерство за финансии треба да се достави збирен преглед на ниво на општина (за сите установи за соодветната општина). Податоците за неизмирени и превземени обврски треба да се однесуваат само за сметка 930- Расходи финансирани од дотации.

Потребните збирни податоци треба да се доставаат во електронска и писмена, потпишана форма (од раководителот на субјектот) најдоцна до 27.06.2017 година, при што од исклучителна важност е истите да бидат прикажани со висок процент на прецизност и точност.

Табеларниот збирен образец (excel file) за пополнување, кој треба да се достави до Министерството за финансии е поставен на web страната на Министерството за финансии, во делот Јавни финансии- Буџет- Документи- Други документи.

Министерство за култура потребно е до Министерството за финансии да достави 30 збирни табеларни прегледи за секоја општина поодделно.

Електронските фајлови треба да бидат доставени до следниве e-mail адреси:
anica.ivanoska@finance.gov.mk
tanja.kostovska@finance.gov.mk
aleksandra.altievska@finance.gov.mk.

Благодариме на соработката

Министер за финансии
д-р Драган Тевдовски

Република Македонија Министерство за финансии IV Скопје